Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 113, 15 ноември 2013 година

ноември 2013 година
Штип

**СОДРЖИНА**


**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање доцент во наставно-научната област казнено право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област анестезиологија и реанимација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 13

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по житни растенија” од автор доц. д-р Мите Илиевски, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 20

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Житни растенија” од автор доц. д-р Мите Илиевски, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 22

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Скрипта по предметот граѓанско општество” од доц. д-р Страшко Стојановски, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 24

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Основи на cad/cam во електротехника“ (интерна скрипта) од д-р Влатко Чингоски, вонреден професор на Електротехнички факултет, при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 27

**РЕЦЕНЗИЈА** на учебното помагало „Практикум за пополнување на единствен царински документ” од доц. д-р Драшко Атанасоски, асс. м-р Снежана Бардарова и асс. м-р Оливер Филипоски ........ 31

**РЕЦЕНЗИЈА** на скрипта под наслов „Фонетика и фонологија на современиот турски јазик“ од доц. д-р Марија Леонтиќ ........ 33

**РЕЦЕНЗИЈА** на учебното помагало „Практикум по фонетика и фонологија на современиот турски јазик“ од доц. д-р Марија Леонтиќ, Филолошки факултет,Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 35

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 37

**ПРИГОВОР** ........ 38

**ОДГОВОР НА ПРИГОВОР** ........ 40



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ АНЕСТЕЗИОЛОГИЈА И РЕАНИМАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Врз основа на член 132, ст. 2 од Законот за високото образование, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2008, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011. 51/2011, 123/2012, како и член 36, ст. 2 од Правилникот за единствени критриуми и постапка за избор на наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и Одлуката бр. 2502-147/50 донесена од Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на 95. седница одржана на 9.8.2013 г. донесе Решение за формирање на Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Ордан Нојков, претседател,
– доц. д-р Вело Марковски, член,
– доц. д-р Зоран Хаџиски, член.

Комисијата е задолжена во рок од три месеци да изготви и поднесе писмен реферат за пријавениот кандидат на Конкурсот објавен на 11.7.2013 г. во дневните весници „Нова Македонија“ и „Лајм“ за избор на ***асистент*** за научната област ***анестезиологија и реанимација*** на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Комисијата ги разгледа документите на пријавениот кандидат и го донесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На горенаведениот Конкурс се пријавила само кандидатката **Билјана Ефтимова**. Истата поднела документи според барањата на Конкурсот од кои може да се види нејзиниот стручен статус и досегашните стручни активности.

**Рецензија за кандидатката Билјана Ефтимова**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Билјана Ефтимова** е родена на 29 јуни 1962 година во Штип. Основно и средно образование завршува во родниот град. Во 1980 година се запишува на Медицински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје и дипломира во 1985 година. Од 1986 година работи како приправник во Одделот за итна медицинска помош во Медицински центар во Штип. Специјализацијата по анестезиологија, реаниматологија и интензивна нега ја завршува во 1993 г. По специјализацијата, па сè до денес, работи во Службата за анестезија, реанимација и интензивна нега во Штип.

Со звањето **примариус** се стекнува во 2002 година

***Стручни и општествени активности***

Таа е член и заменик-претседател на Невладината организација „Нов живот“ за борба против малигни заболувања, член на Државната комисија за полагање на стручен испит на лекари од општа медицина, член на Комисијата за реформи во болниците при Лекарската комора на Македонија, член на Собрание на Лекарската комора на Македонија, Македонското здружение на анестезиолозите, Светско здружение на анестезиолозите и Меѓународната асоцијација за терапија на болка (IASP). Во периодот од јануари-февруари 2008 година престојува во Јапонија и работи на проект за едукација што ја спроведува Владата на Јапонија за менаџери од Југоисточна Европа - во склоп на кој го изработува проектот „Формирање на Ургентен центар во Клиничка болница“ - Штип – (Japan, January-February 2008).

***Во склоп на својата континуирана едукација ги посетувала следните семинари:***

- Современ пристап во лекувањето и испитувањето на артериска хипертензија, Штип, 1994 г.;
- Семинар во рамките на Salzburg - Cornell Seminars, Cornell University, Medical college; мај 1995 (Европска фондација за едукација во анестезиологијата);
- (F.E.E.A.) континуирана едукација (I циклус постдипломска настава: Респирација, THORAX, Анестезија на глава и врат; Дојран, јуни 1999 г.;
- Едукација за примена на нова специјалистичка апаратура во интензивна нега - Јапонија, JICA Medisun. Co., 2 јануари - 28 февруари 2000, Јапонија;
- Специјалистичка обука на AKH - Vienna, Anesthesia and Reanimation Clinic-Intensive Care Unit, 1-30 септември 2000 г.;
- Специјалистичка обука на AKH - Vienna, Anesthesia and Reanimation Clinic-Pain Therapy departement, 1-30 јули 2001г.;
- Менаџмент во здравствениот систем, Izrael, Galillee Coledge, октомври-ноември 2001 г.;
- Европска фондација за едукација во анестезиологија (F.E.E.A.) континуирана едукација;

Прв циклус постдипломска настава: Мајка, дете. Несакани дејства на лекови. Дојран, 18-21 април 2002 г.;

- Обука за терапија на болка кај болни од карцином - одржана во Клинички центар – Љубљана (Словенија) на Одделот за онкологија, јануари - февруари 2003 год.;
- Основна обука за ентерална и парентерална исхрана – одржана во Изворани (Романија), во октомври 2003 год.
- Обука за анестезија на Медицинскиот универзитет „Сорока“ во Тел Авив (Израел), февруари - март 2004 год.;
- Напредна обука за ентерална и парентерална исхрана, одржана во Клиничкиот центар во Мастрихт (Холандија), во мај 2005 г.;
- Европска школа за онкологија - обука за палиативна нега кај болни од карцином - септември 2006 г., Стокхолм (Шведска);
- Европска школа за онкологија - обука во Лугано (Швајцарија) за терапија на терминални болни, јули 2009 г.;
- Раководење со човечки ресурси, обука под раководство на МЦМС, Маврово, ноември 2007 г.;
- Тренинг-обука за болнички менаџмент во земјите на Југоисточна Европа, јануари-февруари 2008, Јапонија;
- Сертификат за менаџмент и лидерство во здравство - Министерство за здравство на Р. Македонија - Скопје, 2006-2007 г.

***Наставна дејност***

Кандидатката д-р Билјана Ефтимова стекнатите знаења успешно ги применува и во воспитно-образовната дејност. Во периодот од 1993 до 2005 година работи како предметен наставник во Државното средно медицинско училиште „Јане Сандански“ во Штип. Предавач по предметот Ургентни состојби, анестезија и реанимација на Високата здравствена школа при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип од 2009 г. и Асистент по предметот Анестезиологија и реанимација на УГД е од декември 2010 г.

***Список на објавени и рецензирани трудови во Универзитетски билтен на УГД бр.31, ноември 2009 г.***

1. ПРИМАРНА НЕГА НА НОВОРОДЕНЧИЊА СО SECTIO CAESAREA, **Б.Ефтимова**, Б.Лозанова,Б.Лазарова,Медицински центар - Штип, Македонија 7. конгрес на педијатрите на Македонија, со меѓународно учество; Струга, 1994 г.
2. POLYTRAUMA AND HEMORAGE SHOCK-CASE HYSTORY, **Б. Ефтимова**, Ј.Стојменова, В.Стојанов, К.Јанева National Congress on Anesthesiology and Intensive Care; Bulgaria, 1995

3. ПОСТОПЕРАТИВНА АНАЛГЕЗИЈА КАЈ ТОРАКОТОМИРАНИ БОЛНИ, **Б.Ефтимова**, М.Ристов, Медицински центар - Штип Прв конгрес на македонските хирурзи, со меѓународно учество; Охрид, 1995 г.
4. ПОЛИТРАУМА И ХЕМОРАГИЧЕН ШОК - ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ НА УСПЕШНА РЕАНИМАЦИЈА И ПОСТОПЕРАТИВЕН ТРЕТМАН, **Б.Ефтимова**, Ј.Стојменова, К.Јанева, В.Стојанов, Медицински центар - Штип Прв конгрес на анестезиолозите на Македонија, со меѓународно учество, Охрид, 1995 г.
5. НАШИ ИСКУСТВА ВО ПРИМЕНА НА ETHOMIDAT КАКО ВОВЕДНО СРЕДСТВО ЗА АНЕСТЕЗИЈАТА КАЈ ПАЦИЕНТИ СО РИЗИК, **Б.Ефтимова**, Ј.Стојменова, К.Јанева, В.Стојанов, Медицински центар - Штип. Втор конгрес на анестезиолозите на Македонија, со меѓународно учество, Охрид, 2000 г.
6. TRAMADOL FOR POSTOPERATIVE ANALGESIA AFTER VARIOUS SURGICAL PROCEDURES, **B.Eftimova**,J.Stojmenova,K.Janeva,V.Stojanov,Medical Center-Stip,MacedoniaJoint Annual ESRA, EP, ESOA Congress; Warsaw, Sept. 2001.
7. SUPPOSITORY PARACETAMOL FOR POSTOPERATIVE ANALGESIA IN CHILDREN,**B.Eftimova**,J.Stojmenova,K.Janeva,V.Stojanov,Medical Center-Stip, Macedonia Joint Annual ESRA, EP, ESOA Congress, Warsaw, Sept. 2001.
8. KETALAR IN SEDATION FOR BRAIN COMPUTER TROMOGRAPHY IMAGING PROCEDURE IN CHILDREN, **B.Eftimova**,J.Stojmenova,K.Janeva,V.Stojanov,Medical Center-Stip,Macedonia 14 ESICM Annual Congress, Geneva, 2001.
9. TRACHEO - BRONCHITIS SUFFOCANS (JACKSON) - АКУТНА ОПСТРУКЦИЈА НА ДИШНИТЕ ПАТИШТА (ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ). **Б.Ефтимова**,Т.Србиновски,Ј. Стојменова,К.Јанева, Медицински центар - Штип Прв конгрес на пулмолозите на Македонија, со меѓународно учество, Охрид, 2001 г.
10. НАШИ ИСКУСТВА ВО ВГРАДУВАЊЕТО НА ВЕШТАЧКИ КОЛК ОД ГЛЕДНА ТОЧКА НА АНЕСТЕЗИЈАТА И РЕАНИМАЦИЈАТА, **Б.Ефтимова**, Ј.Стојменова, К.Јанева, В.Стојанов, Медицински центар - Штип. Македонско здружение на ортопедите и трауматолозите, Дојран, 5-6 април 2002 г.
11. SPINAL ANESTHESIA AS METHOD OF CHOICE IN HIGH RISK ELDERLY PATIENTS, **B.Eftimova**,J.Stojmenova,K.Janeva,V.Stojanov,Medical Center-Stip,Macedonia 7 National Conference of Care, Varna, Bulgaria, 2002.
12. Ketalar in sedation for brain CT imaging procedure in children, **B.Eftimova**,J.Stojmenova,K. Janeva,V.Stojanov,Medical Center-Stip,Macedonia 13th World Congress of Anesthesiologist, Paris, France, April 2004.
13. Continuous Tramadol Hydrochlorid infusion for postoperative analgesia - **B.Eftimova**, J.Stojmenova, K.Janeva,Medical Center-Stip,Macedonia 11th World Congress of Pain, August 2005, Sydney, Australia.
14. The prevalence of deep venous thrombosis in patients with stroke- **B.Eftimova**,B.Lazarova, General Hospital-Stip,Macedonia World Congress of Stroke, Cape Town, October 2006.
15. Episodic pain in hospitalized cancer patients (breakthrough ) – **B.Eftimova**,B.Lazarova, General Hospital-Stip,Macedonia 10th Congress of European Association for Palliative Care, June 2007, Budapest, Hungary.
16. Supp. Paracetamol for postoperative analgesia in children – **B.Eftimova**,B.Lazarova, Clinical Hospital-Stip 14th World Congress of Anesthesiologist , March 2008, Cape Town, South Africa.

***Коавтор***

17. ИНЦИДЕНЦАТА НА ПРЕМАТУРНИТЕ НОВОРОДЕНИ СО ПТТ ПОД 1500 гр. СЛЕДЕНА ВО ПОСЛЕДНИТЕ 5 ГОД. ВО МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТАР - ШТИП, 7 Конгрес на педијатрите на Македонија со меѓународно учество, Струга, 1994 г.
18. ГЛАВОБОЛКА ПО СПИНАЛНА АНЕСТЕЗИЈА И НЕЈЗИНИОТ ТРЕТМАН, Прв конгрес на анестезиолозите на Македонија, со меѓународно учество, Охрид, 1995 г.
19. ТРАНСАРТЕРИЈАЛЕН ПРИСТАП ЗА АКСИЛАРЕН БЛОК НА БРАХИЈАЛНИОТ ПЛЕКСУС, Прв конгрес на анестезиолозите наМакедонија со меѓународно учество, Охрид, 1995 г.

20. СПИНАЛНА АНЕСТЕЗИЈА ЗА ЦАРСКИ РЕЗ, Прв конгрес на анестезиолозите на Македонија, со меѓународно учество; Охрид,1995 г.
21. ПРИМЕНА НА ЛАРИНГЕАЛНА МАСКА (ЛМ) ВО АНЕСТЕЗИЈАТА, Втор конгрес на анестезиолозите на Македонија со меѓународно учество; Охрид, 2000 г.
22. НИСКОМОЛЕКУЛАРНИОТ ХЕПАРИН ЗА АНТИГОАГУЛАНТНА ТРОМБОПРОФИЛАКСА, Втор конгрес на анестезиолозите на Македонија, со меѓународно учество; Охрид, 2000 г.
23. ЕКСТРАПЛЕУРАЛНА ПАРАВЕРТЕБРАЛНА БЛОКАДА СО БУПИВОКАИН ЗА ПОСТОПЕРАТИВНА АНАЛГЕЗИЈА КАЈ ТОРАКТОМИИ, Втор конгрес на анестезиолозите па Македонија, со меѓународно учество; Охрид, 2000 г.
24. ПОСТАПКА И ТЕРАПИЈА ПРИ ТРУЕЊЕ СО ЕТИОЛ, Втор конгрес на анестезиолозите па Македонија, со меѓународно учество; Охрид, 2000 г.
25. ЕКСТРАПЛЕУРАЛНО ДАВАЊЕ НА МОРФИУМ ЗА АНАЛГЕЗИЈА, Прв конгрес на македонските хирурзи, со меѓународно учество; Охрид, 1995 г.

***Интерни публикации (при едукацијата на АКН Виена)***

1. TREATMENT OF A PATIENT WITH POLYTRAUMA,FROMTHE MOMENT OF INJURY TO HIS OUTLET TO THE REGULAR WARD, Seminar work, AKH, 2000 y.
2. SPINAL CORD STIMULATION IN PATIENT WTTH POSTCANCER CHRONIC PAIN, Seminar work, AKH, Wien, 2001y.

***ТРУДОВИ ЗА РЕЦЕНЗИЈА***

**1.Treatment of chronic cancer pain with sublingual Morphine in Countries with limited resources.**

**B.Eftimova,B.Lazarova-Clinical Hospital-Stip,Macedonia INCTR-8th Meeting on Cancer in Countries with Limited Resources,Book of Abstract-30 A/P- March 2009, Antalya, Turkey**

Цел на трудот беше да се покаже дека орално администрираниот морфиум има предности заради неговата флексибилност, високата ефикасност во третирање на болката и со тоа подобрувањето на квалитетот на животот, како и малите несакани ефекти, сигурноста и лесниот и едноставен начин на администрација. Кај 40 пациенти со различни видови на карциноматозна болка е администриран морфиум сублингвално во доза од 20-120 мг дневно во период од 4 недели. При тоа е следено намалувањето на болката (спрема ВАС скалата), сатисфакцијата на пациентите, како и безбедноста и несаканите ефекти.

**2.Invasive ductal carcinoma in 58 year old man**

**Annals of Oncology, Supplement 5,vol.20-30PO- ECCLU, July 2009, Lugano Switzerland B.Eftimova,B.Lazarova,Clinical Hospital-Stip,Macedonia.**

Во трудот е прикажан редок случај на инвазивен карцином на дојка кај маж кој во медицинската историја нема податок за хормонална терапија. Направена е оперативна радикална мастектомија и аксиларна дисекција со последователна хемо и радиотерапија. Цел на трудот е да се покаже дека и кај мажите може, иако ретко, да се јави инвазивен мамарен карцином. Авторите ја отвораат дилемата дали кај мажите кои примале хормонална терапија или имале тестикуларни туморозни формации е потребна мамографија како рутинска инвестигација за рано откривање на промените на дојката.

**3.Intrathecal Morphine and postoperative delirium in elderly orthopedic patients.**

**B.Eftimova,B.Lazarova,J.Stojmenova,Clinical Hospital-Stip,Macedonia.Book of abstracts-EFIC_poster_1217,September 2009 6th Congress of European Federation of IASP Chapters, September 2009 Lisbon,**

Целта на трудот е да се покаже дека постоперативниот делириум е честа појава кај постари пациенти со фрактура на колкот поради што се доведува во прашање квалитетот на постоперативната аналгезија. За таа цел е испитуван ефектот на о,1мг. Морфиум даден интратекално и инциденцата на постоперативниот делириум кај постари пациенти со фрактура на колкот. Притоа е евалуиран квалитетот на постоперативната аналгезијата

преку ВАС скалата, несаканите ефекти и сатурацијата на кислородот во одредени временски интервали. Овие параметри се споредувани со инциденцата на постоперативниот делириум. Заклучено е дека квалитетот на аналгезијата како бенефит далеку ги надминува можните штетни појави на многу ретката компликација на постоперативен делириум.

**4. Discussing EOL (end-of-life) issues with terminally** ill can**cer patients and their families - our results B.Eftimova,B.Lazarova,Clinical Hospital-Stip,Macedonia.Poster No-1609593, The First International Multidisciplinary Forum on Palliative Care, Nov.11-14,2010, Budapest, Hungary**

Целта на овој труд е да покаже која е содржина на информациите кои се разменуваат меѓу терминалните пациенти кои страдаат од карцином и нивните фамилии, како и начинот на кој се зборува околу процесот на умирање. Направени се интервјуа со болни кои се третирани во Клиничка болница - Штип во последните 12 месеци и нивните фамилии, при што е анализиран стравот од умирањето, опишани се последните денови од животот, состојбата на бесознание, намалената потреба од храна и течности и овозможувањето на достојна смрт без болки. Овие податоци и овој труд ги опишуваат последните денови од живот на овие пациенти и е посебно корисен за фамилии кои се соочуваат со ваков болен, но бара понатамошни иследувања – заклучуваат авторите.

**5. Компарација меѓу анестезиолошките лекови и трошоци и ефективноста помеѓу генералната и спинална анестезија за тотална или субтотална инплантација на колк - Изводоци – Слободни теми - Ефтимова Б.,Шољакова М. Прва македонска конференција за алтернативи во трансфузијата кај критично болни пациенти, 16-17 ноември, Скопје, Македонија САРИЛ, Клиничка болница, Штип, КАРИЛ, Универзитет „Св. Кирил и Матодиј“, Скопје, Македонија.**

Целта на трудот е да ја покаже разликата во трошоците меѓу спиналната и општата анестезија за операција на колк, како и квалитетот на постоперативната аналгезија и опоравувањето. Пациентите со општа анестезија во ЕИЛ се примани со повисок скор за болка и бараат појака аналгезија, која е по скапа, а сепак овие пациентите чувствуваат болки и имаат други придружни појави, за разлика од пациентите водени во спинална анестезија кои имаат подобра постоперативна аналгезија и побрзо закрепнување.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата ги анализираше доставените материјали за рецензија и смета дека на конкурсот за еден асистент по предметот Анестезиологија **треба да се избере пријавената кандидатка Билјана Ефтимова.**

Својата одлука Комисијата ја базира на фактот дека кандидатката приложила доволен број на документи – докази од кои може да се види дека таа покрај формалните критериуми на Конкурсот има и перманентен континуиран стручен развој од специјализирањето па сè до денес. Посебно импресионира присуството на големиот број странски и домашни форуми за континуирана постдипломска едукација, како и сосема пристојниот број на стручни трудови објавени во земјава и во странство.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ордан Нојков, претседател, с.р.**
**Доц. д-р Вело Марковски,член, с.р.**
**Доц. д-р Зоран Ханџиски, член, с.р.**

**Т А Б Е Л А**

**НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ ПРИМ. Д-Р БИЛЈАНА ЕФТИМОВА**

| Ред. број | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | | | | | | |
| 25. | Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период)* | Број на часови по 1.5 поен за секоја учебна година и по еден поен за секој предмет | | | | 10 |
| 26. | Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период)** | Број на часови по 0.2 поени за секоја учебна година | | | | 2 |
| | | | | | | |
| 27. | Одржани предавања (или консултации) на постдипломски студии по одржан курс | | | | | 10 |
| 28. | Одржани вежби на постдипломски студии по одржан курс | | | | | 2 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **24** |
| **Ред. број** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **22.** | Студиски престој во странство | 8 | | | | **8** |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **8** |
| **Ред. број** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **6.** | Труд објавен во зборник на трудови на стручен собир | 1 | 1 | 3 | 1.5 | **5.5** |
| **8.** | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | | 1.5 | 1 | 2 | **2** |
| **9.** | Уредник на стручно списание | | | | | |
| **10.** | Член на уредувачки одбор на стручно списание | 1 | 3 | | | **3** |
| **19.** | Стручни награди и признанија | 1 | 5 | | | **5** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **15.5** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **47,5** |